ООУ„СТИВ НАУМОВ“-БИТОЛА

КУЌЕН РЕД И КОДЕКСИ НА ОДНЕСУВАЊЕ НА СИТЕ СУБЈЕКТИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Директор

Николче Пискачев

КУЌЕН РЕД

НА ООУ,,СТИВ НАУМОВ“-БИТОЛА

- **Нашето училиште е отворена, модерна и пријатна средина за учење и воспитување.**
- **Училиштето започнува со работа во 7:00, а завршува во 19:00 часот.**
- **Наставата е организирана во две смени, првата започнува во 7:30, а втората во 13:00часот.**
- **Надворешната влезна врата е затворена за време на часовите, влегувањето на надворешни лица се најавува.**
- **Родителите ги испраќаат своите деца до вратата и се најавуваат за средба.**
- **За време на часовите не е дозволено беспотребно излегување од училница ниту напуштање на училишната зграда без одобрување од претпоставен.**
- **Учениците и вработените во училиштето се движат низ ходниците без врева и со почит кон работната атмосфера.**
- **Учениците задолжително ја носат својата ученичка униформа.**
- **По улишното ѕвоно не се растрчува низ ходници и се внимава на редот, за да не се предизвика несакана повреда или задржување пред вратите.**
- **По завршувањето на часот, учениците брзо и внимателно ја напуштаат училницата, а наставникот ја заклучува истата.**
- **Излегувањето од просторија или училиште е по ред, најпрво се пропуштаат помали, послаби и повредени ученици кои излегуваат надвор.**
- **Влегувањето во училиште, просторија, училница е по ред, прво да се осигура дека никој не излегува, па се пропуштаат помалите, послабите и ученици со повреда.**
- **Движењето низ училиштето треба да е насочено, за секаква потреба ученикот може да се обрати кај дежурниот наставник.**
- **Отпадоците се фрлаат на местата определени за тоа, се внимава на материјалите за рециклирање.**
- **Пушењето во било која просторија на училиштето е забрането со закон.**
- **Училиштниот инвентар се чува и негува, во спротивно секој самостојно си ја надоместува штетата.**
- **Секој ученик самостојно внимава на своите добра и во случај на губење или повреда училиштето не одговара за истите.**
- **Во случај на несакани состојби, поплава, пожар, земјотрес, треба да се почитува Протоколот за евакуација и насочено движење, без непотребна паника.**
- **Во училницата, дежурните ученици го одржуваат редот, дисциплината, пријавуваат штета и последни ја напуштаат училницата, па наставникот заклучува.**
- **По завршувањето на часовите, училиштето се напушта брзо, без непотребно задржување, во мир , без врева и трчање.**
- **Заборавените или загубени добра, учениците може да си ги побараат кај служителите, во делот ,,Изгубено-најдено“.**
- **Секој субјект во училиштето е должен да го почитува Куќниот ред, во спротивно ќе му биде изречена педагошка, дисциплинска мерка.**

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

- **Кодексот е правилник за однесување на учениците во училиштето.**
- **Секој ученик треба да гледа на училиштето како на свој поширок дом, а домот се сака, се грижиш за него и го унапредуваш.**
- **Секој ученик треба редовно да доаѓа на часови, да одржува пријатна работна атмосфера, да се грижи за своите соученици, училишниот инвентар и имиџот на училиштето.**
- **Почитувај го Куќниот ред на училиштето.**
- **Секој ученик мора да внимава на својата лична хигиена, да е чист и уреден, да внимава на своето здравје и здравствени навики, прекривање на устата со рака кога се кива и користење на марамче за секнење на нос, рацете се мијат почесто во тоалетите за ученици со сапун.**
- **Секој ученик е должен да ја носи својата униформа, таа го претставува него во училиштето, но и пошироко во средината ја истакнува припадноста кон нашето училиште.**
- **Однесувањето во училиштето е регулирано со Законот за основно образование, истиот е поставен на Интернет и може да се запознаете со него.**
- **Носењето на мобилните телефони е дозволено, но истите во училиште се чуваат на вибрации и се користат само за телефонирање, не и за сликање или снимање без одобрување од претпоставен.**
- **Не е дозволено никакво психичко или физичко малтретирање на ученици, наставници, наставник-ученик и истото се пријавува кај одделенскиот раководител или стручната служба.**
- **Во училиште, на час и за време на одмор се користат само културни, учтиви и пријатни зборови, не се користи речник на насилство, навреда и улица.**
- **Почитувај ,за да те почитуваат.**
- **Запомни дека твоето однесување го претставува твоето воспитување, твоето семејство и твоето училиште. Луѓето сакаат воспитани и пристојни ученици, тие се иднината на нашата држава.**
- **Биди вреден и успешен, знаењето нека ти е натпревар, а докажувањето предизвик.**
- **Бегањето и доцнењето на часови никогаш не е опција на добар ученик, разговарај со домашните и одделенскиот раководител на оваа тема.**
- **Служи за пример, со своето однесување, знаење, успех и изглед, претставувај го своето училиште во градот и државата.**

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ

- **Однесувањето на наставниците е регулирано според Законот за основно образование на СРМ**
- **Наставникот е модел на однесување на сите субјекти во училиштето.**
- **Наставникот мора да внимава на неговиот надворешен изглед, пристојно облекување и уредност.**
- **Редовно се евидентира во Книга за евиденција.**
- **Наставникот го организира својот час, има редовни состаноци со родители, одржува отворен ден, транспарентен е за својата програма, начинот на работа и оценување.**
- **Редовно одржува дежурства, им помага на ученици со потешкотии, одржува ред во наставничка канцеларија, ходници, пред канцелариите на стручната служба и директор.**
- **Одржува индивидуални и групни родителски средби, овозможува предавања за родители и ученици, соработува со локалната заедница.**
- **Внимава на училиштниот инвентар, со учениците се залага за правилно користење и одржливост.**
- **Им отклучува училница на учениците за почеток на часот и истата ја заклучува по завршувањето.**
- **Внимава на своите и коментарите на учениците кои може да навредат.**
- **Ги почитува учениците и колегите, се воздржува од негативни и неумесни коментари во присуство на ученик, колега и родител, како и во нивно отсуство-озборување.**
- **Редовно се јавува на договорени состаноци, совети и го најавува своето отсуство во писмена форма.**
- **Го почитува работното време, работниот простор и негува работни навики.**

- **Наставникот не смее на работно место да конзумира алкохол и други слични опијати или психтропни супстанции.**
- **Наставникот не смее да доаѓа на работно место под дејство на дрога, психотропни супстанции или алкохол.**

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

- **Родителот/старателот треба да е информиран за Законот за основно образование на СРМ.**
- **Родителот/старателот има законска обврска да му овозможи услови и следење на своето дете на наставата во основното училиште.**
- **Родителот/старателот треба да се запоезнае со Куќниот ред на училиштето, да го почитува и спроведува.**
- **Родителот/старателот треба да се запознае со Кодекскот за однесување на учениците.**
- **Родителот/старателот треба да се запознае со Кодексот на однесување на наставниците.**
- **Родителите/старателите ги носат своите ученици до влезната врата, во помалите класови им ги предаваат на дежурните наставници или до дневниот престој каде уредно се заведени.**
- **Родителите/старателите задолжително да внимаваат на хигиената и здравјето на нивните деца, да не ги праќаат на училиште со заразни состојби и без медицинска белешка за нивната здравствена состојба.**
- **Родителите/старателите задолжително го негуваат доброто етичко воспитување во соработка со наставниците. Воспитано дете е воспитан возрасен човек.**
- **Родителите/стрателите редовно соработуваат со наставниците на индивидуални, групни средби, телефонски комуницираат и користат е-маил комуникација.**
- **Родителите/старателите ги нудат своите професионални дејности во интерес на воспитно-образовниот процес.**
- **Родителите/старателите се одговорни за однесувањето на нивното дете во училиштето, намерно направените штети кон други деца и инвентарот и ги сносат трошоците за нивниот надомест.**
- **Родителите/старателите кај своите деца негуваат фер и чесен однос кон соучениците, наставниците и претпоставените, повозрасните, развиваат толеранција, разбирање и љубов.**

КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

- **Сите вработени во училиштето треба да ги извршуваат работните задачи што се во нивниот делокруг, а се во согласност со Законот за ОО;**
- **Да го почитуваат куќниот ред во училиштето;**
- **Техничкиот персонал редовно и навреме да ги чистат училниците, ходниците и другите простории за општествена и педагошка дејност;**
- **Техничкиот персонал да соработува со наставниците , стручните соработници и директорот и да се однесуваат во склад со потребите на наставата;**
- **Стручните соработници и директорот го почитуваат кодексот за наставниците;**
- **Вработениот треба да доаѓа навреме на работното место;**
- **Вработениот треба совесно и самостојно да ја извршува својата работа;**
- **При работата вработениот не треба да дискриминира друг вработен или ученик по вера, раса, возраст, пол или економски статус ниту пак да влегува во било каков вид на конфликт, да биде пристоен во однесувањето, да не поддржува галама и гласно говорење;**
- **Вработениот треба да го почитува секој ученик и вработен;**
- **Вработениот треба да остварува коректна комуникација со останатите вработени без вербални напади или навреди;**
- **Вработениот го почитува времетраењето на паузата и не ја користи надвор од предвидениот временски рок;**
- **Вработениот треба да се воздржува од непотребно влегување на часовите освен во сличаи кога тоа го налага работната обврска предвидена за тој ден, читање соопштенија, известувања;**
- **Вработениот треба да остварува коректна комуникација и треба да биде на располагање на родителите и учениците во текот на целото работно време или во терминте за прием одредени од самиот вработен;**
- **Вработениот со својот лик, однесување, говор и култура е пример за учениците и сите вработени во училиштето.**
- **Вработениот не смее на работно место да конзумира алкохол и други слични опијати или психтропни супстанции.**
- **Вработениот не смее да доаѓа на работно место под дејство на дрога, психотропни супстанции или алкохол.**